**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Сто триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 мај 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа по Сто триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Андреј Жерновски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Сашо Дохчев, Рафет Муминовиќ, Гзим Острени, Љубчо Георгиевски, Слободан Чашуле, Спиро Мавровски, Абдуладен Вејсели, Али Ахмети, Фазли Велиу, Џезаир Шакири, Мендух Тачи и Ружди Матоши ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницава.

**Минуваме на 28-та точка - Предлог на закон за Филмскиот фонд на Република Македонија.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 9 став 2 алинеја 4; член 11 став 2; член 14 за додавање нова алинеја 10 по алинејата 9; член 16 алинеја 2; член 18 алинеја 3 и за менување на алинејата 5; член 23 став 6 во првата реченица; член 24 за менвување на став 4; член 26 за менување на став 2 и на член 27 ставови 2 и 4 и за менување на ставот 6, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Пред да преминеме на гласање, прво да видиме колку пратеници го пријавиле своето присуство, за да можеме да преминеме на гласање.

Со оглед на тоа што дос ега се потпишани недоволен број, немаме доволен број за гласање овде, објавувам пауза до 11,30 часот и ги молам сите пратеници да бидат тука, за да преминеме на гласање.

Објавувам пауза до 11,30 часот.

(Пауза од 11,05 до 11,35 часот).

Пред да продолжиме со работа, молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Инаку 64 пратеници го пријавиле своето присуство за седница.

Молам службите уште еднаш да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум за работа).

Благодарам, сега можеме да продолжиме.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Пред да го кажам исходот од гласањето, бидејки некои од колегите пратеници прашуваат и бараат да нагласам за кој закон се работи, да ве известам дека расправата беше затворена пред тоа по Законот за Фулмскиот фонд. Ние почнавме да работи во 11,00 часот. Расправата беше затворена и сега одевме само на гласање.

Во моментот на гласањето беа присутни 64 пратеници, од нив гласале 52 пратеника, сите 52 пратеника гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Филмскиот фонд на Република Македонија.

Молам претставник на Министерството за финансии да влезе во салата.

Процедурално, за збор се јави Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине потпретседател.

Согласно член 74 став 2 од Деловникот, барам точките 29, 30 и 31 да станат точки 24, 25 и 26. Ова го барам затоа што ова се барања за давање автентично толкување и нема да има дискусии, па да го искористиме времето до доаѓањето на претставникот на точките кои беа на дневен ред.

Барам подршка од десет пратеници.

**Слободан Најдовски:** Во ред, имате подршка од десет пратеници.

Предлогот е точките 29, 30 и 31 да ги разгледаме како точки 24, 25 и 26, а после тоа продолжува истиот редослед на точките.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 67 пратеници, гласале 58 пратеници, 55 за, 2 воздржано и 1 против.

Констатирам дека предлогот е прифатен.

**Минуваме на 29-та точка (според дневниот ред точка 29, а после дадениот предлог точка 24) - Барање за давање автентично толкување на членот 40 став 1 од Законот за градот Скопје, поднесено од градоначалникот на град Скопје.**

Барањето и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично

толкување на членот 40 став 1 од Законот за градот Скопје, поднесено од градоначалникот на град Скопје не е оправданои нема потреба од давање автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок, заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до градоначалникот на град Скопје.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 64 пратеници, гласале 53 пратеници, од нив 52 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на следната точка, која во дневниот ред беше 30-та, сега е точка 25-Барање за давање автентично толкување на членот 165 точка 4 од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Кире Дојчиновски.**

Барањето и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собраниеот на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на членот 165 точка 4 од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Кире Дојчиновски, не е оправдано и нема потреба од давање автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собраниеот на Република Македонија.

2. Овој заклучок, заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до пратеникот Кире Дојчиновски.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници, гласале 49, 49 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на следната точка (според дневниот ред 31, а сега точка 26) -Барање за давање автентично толкување на членот 96 од Законот за основното образование, поднесено од градоначалникот на општина Ѓорче Петров.**

Барањето и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени. Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на членот 96 од Законот за основното образование, поднесено од градоначалникот на општина Ѓорче Петров, не е оправдано и нема потреба од давање автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до градоначалникот на општина Ѓорче Петров.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници, гласале 58 пратеници, 58 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Има збор пратеникот Јани Макрадули.

Да причекаме да дојдат претставници на Министерството за финансии, па да продолжиме.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, од името на пратеничката група барам половина час пауза, за да можеме да продолжиме со работа.

**Слободан Најдовски:** Објавувам пауза до 12,20 часот.

(Пауза од 11,50 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,24 часот)

**Слободан Најдовски:** Молам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Продолжуваме со работа.

Процедурално, господинот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Почитуван потпретседателе,

Дозволете ми врз основа на Деловникот на Собранието на Република Македонија нормално со поддршка на десет пратеници барам точката на дневен ред 32 да биде точка за која сега ќе расправаме.

**Слободан Најдовски:** Предлогот на господинот Јашари е точката 32 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон да ја разгледуваме сега, а после тоа да продолжиме по овој редослед кој што беше претходно. За тоа ќе ни треба поддршка од десет пратеници, ќе ни треба 61 присутен пратеник за да гласаме.

Дали има поддршка од десет пратеници?

Има поддршка од десет пратеници.

Молам да се утврди точниот број на присутни пратеници, дали можеме да преминеме на гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање. Ни фалат четири пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да преминеме на гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни пратеници во моментот на гласање гласале 58 пратеници, 58 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**Минуваме на следната точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот Ви е доставен.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Цветанка Иванова.

Повелете госпоѓо Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе.

Со последната измена и дополнување на Законот за основно образование во март оваа година беше утврдена обврска постојните воспитачи во подготвителна година да стекнат соодветно образование во рок од две години од денот на влегувањето во сила на законот. Доколку не се стекнат со соодветно образование согласно овој закон им престанува работниот однос. Се цени дека утврдениот рок од две години за стекнување на соодветно образование за воспитувач е многу краток заради што предлагам изменување и дополнување на Законот за основното образование. Имено, со предложениот закон се продолжува временскиот период од две години на четири години во кој рок воспитачите ќе треба да го дооформат своето образование. Исто така, предлагам да се заштитат постојните воспитачи во подготвителната година кои се при крај на својот работен век, односно се предлага на воспитачите кои имаат уште пет години до исполнувањето на правото на старосна пензија да не се однесува оваа обврска за стекнување на соодветно образование.

Од овие причини, ги предложив овие измени и дополнување на законот и барам пратениците да го поддржат.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Аднан Јашари:

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседател.

Уште на почетокот сакам да нагласам дека ние ќе ги поддржиме овие измени од причина што цениме дека се оправдани. Предлозите се кратки, во себе содржат две многу значајни измени. Првата измена е во однос на продолжување на рокот за дообразување на воспитувачите. Додека втората измена е во однос на можноста постојните воспитувачи кои што се на крај на својата кариера, или така како што се предлага за кои што се потребни уште пет години за исполнување на услови за остварување право на старосна пензија им се овозможува да не се дообразуваат до крајот на нивната кариера. Значи, заради овие измени за кои што ние цениме дека се оправдани од фактот што двете години како што се предвидуваше со последните измени во Законот за основно образование, ние цениме дека сепак, за две години, или овој двегодишен рок е многу краток за дообразување на постојните воспитувачи. Значи, со право предлагачот сега предлага овој рок да се продолжи на четири години, што цениме дека е оправдано. Токму поради овие две причини, ние ќе ги поддржиме овие измени.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Славица Станковска.

**Славица Станковска:** Благодарам потпретседателе,

Јас ќе бидам мошне кратка. Предлагачот и мојот колега, претходниот дискутант кажа за суштината на измените во Законот за основно образование. Многу се јасни и мислам дека навистина се неопходни реформи во образованието. Но, за да имаме квалитетни реформи и за да бидат успешни потребно е сигурно и време. Тоа е процес, а за процес ние знаеме дека за некој процес подолго, за некој процес пократко време е потребно.

Ние ќе ги поддржиме овие измени и дополнувања на Законот за основно образование. Но, исто така сметам дека во иднина сите оние што ќе бидат во Владата, посебно во Министерството за образование треба да водат сметка и за начинот на кој ќе се врши дооформување на ова образование, заради тоа што најавените критериуми за упис на година од 400 евра и плаќање на секој испит, а тие се десет, или единаесет најмалку во една година по 1000 денари, навистина не смеат да паднат на терет на овие лица кои се вработени во образованието, заради тоа што ние сме свесни и знаеме во каква финансиска состојба се наоѓа оваа структура на луѓе, односно и учителите и воспитувачите, а исто така и наставниот кадар.

Затоа што сметам дека е неопходно да им се помогне на овие граѓани да се стекнат со соодветно образование, ние ќе го поддржиме овој закон. Но, сметам дека со оваа пракса не може да

оди до бесконечност, заради тоа што сите оние што сме во образование ние бевме свесни и знаевме дека не само сега, туку и во претходните реформи на оваа категорија на наставен кадар, или воспитувачи им беше давана можност да го доформат своето образование. Голем дел од нив иако не влегуваа во квотата која беше задолжителна со Законот да го доформи образованието си го заврши тој свој дел. Многу од луѓето мислам не прифатија и до ден денеска не го оформиле образованието. Мислам дека овие измени се неопходни, но до бесконечност вака не можеме да одиме.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Исмет Рамадани.

**Исмет Рамадани:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани колеги,

Јас исто така ценам дека треба да се поддржи овој Предлог за измени и дополнување на Законот за основното образование.

Факт е дека за оваа категорија на наставници, воспитувачи, се разбира без нивна вина се долго време во овој воспитен процес со две години студии, односно со вишо образование, или со Педагошка академија и во претходниот закон им се даде рок од две години за кој цениме и тогаш мислевме дека е краток рок и не овозможува нивно дообразување, или дополнителни студии.

И бидејќи се дава рок од четири години, уште сега можам да најавам дека можеби идниот состав на овој Парламент и Министерството во иднина треба на малку постудиски начин и поаналитички начин да му пријде на овој проблем, односно на оваа структура на воспитувачи. Самиот факт бидејќи некогаш бев и јас еден член од овој систем и знам дека надоместок за четиригодишни студии е и минатото искуство во образованието, иако во образовните реформи секогаш сум поддржувач на наставата, или на образованието за цел живот за иновации и трендови.

Но секако овде, со оваа интервенција, со измените и дополнувањата на Законот за основно образование се дава можност на оваа групан наставници во основното образовани да се чувствуваат малку, да не речам комотно, во насока на тоа дека тие секогаш треба да се преквлификуваат и усовршуваат од образовен аспект, но да бидат малку покомотни во смисла на тоа да имаат малку повеќе време да пријдат кон овој проблем на постудиозен начин.

Затоа, јас ќе го поддржам овој Предлог за измени на Законот за основно образование.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование.

Молам пратениците да влезат во салата, да преминеме на гласање.

(Пратеници влегуваат во салата)

Сите пратенички групи кажаа дека е добар Предлогот, дека ќе го поддржат, па затоа да се заангажираме да обезбедиме пратеници за да го изгласаме.

(Пратеници влегуваат во салата)

Благодарам.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите 61 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон ?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 62 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 62 гласале за, нема воздржани, нема против.

Ги момлам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот на законот, молам да крене рака?

(Пратеници креваат рака)

Кој е против, молам да крене рака? (никој)

Дали има некој воздржан? (нема)

На седницата присуствуваат 16 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив, за предлогот на законот гласале сите 16 пратеници, нема против, нема воздржани пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образовзние.

**Минуваме на следната точка: Предлог за донесување на закон за изменување и**

**дополнување на Законот за државна ревизија со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Караџоски Жарко бара збор

Повелете.

(Со седницата продолжи да раководи господин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија)

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе,

Мислам дека неможиме да работиме по овие точки со оглед дека немаме претставник од Владата , предлагам да ја прекинеме расправата по овие точки и да причекаме претставникот од Владата да дојде, или да дадете пауза, или повикајте ги или било како.

Не е во ред да се расправа без претставник од Владата.

**Љупчо Јордановски:** Јас тоа можам да го прифатам ако инсистирате, но законот е дојден во Парламент и еднаш да покажеме дека ние сме автономна законодавна власт и ќе си го дискутираме законот. Нема амандмани.

**Жарко Караџоски:** Не, ние можеме да покажеме дека сме законодавна и автономна власт и да ги натераме претставниците на Владата да седат овде и да образложуваат , затоа што овде има и амандмани итн.

**Љупчо Јордановски:** Тоа може, со тоа што ќе поднесеме друг начин на барање, со интерпелација или нешто слично, но ако ние навистина сакаме да сработиме, го имаме законот, можеме да изгласаме амандмани, да го дискутираме. Но, за жал, нема амадмани.

**Жарко Караџоски:** Претседателе, барам пауза од еден час.

**Љупчо Јордановски:** Не, јас ќе побарам да дојдат.

Јас давам пауза од половина час. Може?

**Жарко Караџоски:** Еден час пауза.

**Љупчо Јордановски:** Добро, еден час пауза.

Се извинувам, само да ве информирам продолжуваме во 15,00 часот бидејќи после оваа дадена пауза следи паузата за ручек.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,14 часот)

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам за моето доцнење.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

10 минути за кворум течат.

Благодарам господа пратеници, очигледно не можеме да обезбедиме кворум.

Оваа седница ќе ја продолжиме во понеделник во 11,00 часот, а по нејзе ќе продолжиме со 134-та седница, бидејќи останаа многу малку закони.

(Седницата прекина со работа во 15,27 часот).